БАРАЊЕ

ЗА Б-ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

ПОДНОСИТЕЛ:
Друштво за производство, градежништво трговија и услуги БАУ-ЕНН ДОО експорт-импорт с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце

(АПЛИКАЦИЈА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА Б-ИНТЕГРИРАНА ДОЗВОЛА)



Место: с.Теарце, Теарце

2025

СОДРЖИНА

I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ.....7

II. ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ.....8

III. УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА.....16

IV. СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА.....18

V. ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД.....21

VI. ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА.....23

VII. ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА.....30

VIII. ЕМИСИИ ВО ПОЧВА.....33

IX. ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ФАРМЕРСКИ АКТИВНОСТИ.....34

X. БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ.....35

XI. ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ…….....…37

XII. ОПЕРАТИВЕН ПЛАН.....43

XIII. СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ.....46

XIV. РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ.....52

XV. РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ.....53

XVI. ИЗЈАВА.....58

XVII.ПРИЛОЗИ.....59

Број: 0809-50/151420240002563

Датум и време: 30.12.2024 г. 10:37

ПОТВРДА

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6477259
Назив:	Друштво за техничко испитување,контрола и анализа ТЕХНИЧКИ ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА ДОО Неготино
Седиште:	ЖЕЛЕЗНИЧКА бр.8 НЕГОТИНО, НЕГОТИНО

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.20 - Техничко испитување и анализа
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	-Сертификат за акредитација МКЦ ЕНИСО/ИЕЦ 17020:2006 Тип А - Овластување за вршење технички преглед и периодични испитувања на електроенергетски постројки, електрични производи и уреди, - Овластување за вршење технички преглед и периодични испитувања на опрема и заштитни системи за употреба во потенцијално експлозивни атмосфери, Овластување за вршење технички преглед и периодични испитувања на дигалки, транспортери и вилушкари, - Овластување за вршење технички преглед и периодични испитувања на рударска техничка опрема, - Овлатување за вршење на оцена на сообразност за поединечна верификација на рударска опрема, сите видови на кранови и дигалки, индустриски транспортери и вилушкари, - Овластување за вршење технички преглед и периодични испитувања на лифтови и транспортери, - Овластување за вршење на оцена на сообразност на лифтови, - Овластување за вршење технички преглед и периодични

	испитувања на опрема под притисок, - Овластување за периодични испитувања за преносliва опрема под притисок, - Сертификат за акредитација МКЦ ЕНИСО/ИЕЦ 17020:2012 Тип А - Лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија, -Овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа Проценка на ризик, -Овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа - Концепт изјава за безбедност -Овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа- Изработка и спроведување на програми за обука на вработените за безбедно извршување на работата -Овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа- Редовно тестирање и контрола на опрема за работа -Овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа - Вршење на периодични мерења за физички штетности и микроклиматски услови во работната средина

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил: **Овластено лице:**

Број: 0809-50/151420240002563

Страна 2 од 2

РЕШЕНИЕ

за одредување на одговорен проектант за
изработка на проектна документација од инженерство за животна средина

Се одредува за одговорен проектант Соња Ангелевска Колева (со Овластување бр.7.0239) за изработка на проектна документација од инженерство за животна средина.

Именуваниот е должен при изработка на проектната документација да се придржува до постојните и најновите технички прописи и стандарди.

ТЕХНИЧКИ ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА
ДОО Неготино
Управител

Изработил:

Соња А.Колева дипл.ел.тех.инж.

Потпис: _____

Позиција во правното лице: Електротехнички Инженер

Печат:

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија“ бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

ИНЖЕНЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

на

СОЊА АНГЕЛЕВСКА КОЛЕВА

дипломиран електротехнички инженер (NQF VII_1)

со подмирување на членаринатa за секоја тековна година
овластувањето важи до 05.08.2025 год.

Број: 7.0239

Издадено на: 06.08.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Име на компанијата[1]	Друштво за производство, градежништво трговија и услуги БАУ-ЕНН ДОО експорт-импорт с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце
Правен статус	ДОО
Сопственост на компанијата	Приватна
Сопственост на земјиштето	КП бр. 759 дел 0 на КО Пршовце - Вонград
Адреса на локацијата (и поштенска адреса, доколку е различна од погоре споменатата)	Ул. 101 бр.1-А Теарце, Теарце
Број на вработени	6
Овластен претставник	Нијази Таипи
Категорија на индустриски активности кои се предмет на барањето[2]	Прилог 2 3.3 Стационарно бетонски бази со вкупен капацитет на силосите за бетон поголем од 50 m^3
Проектиран капацитет	25 m^3/час
Контакти:	071/765-942

I.I Вид на барањето[3]

Обележете го соодветниот дел

Нова Инсталација	/
Постоечка инсталација	√
Значителна измена на постоечката инсталација	/
Престанок со работа	/

_____

[1] Како што е регистрирано во судот, важечка на денот на апликацијата

[2] Да се внесеат шифрите на активностите во инсталацијата според Анекс 1 од ИСКЗ уредбата (Сл. Весник 89/05 од 21 Октомври 2005). Доколку инсталацијата вклучува повеќе активности кои се предмет на ИСКЗ, треба да се означишифрата за секоја активност. Шифрите треба да бидат јасно оделени една од друга.

[3] Ова барање не се однесува на трансфер на дозволата во случај на продажба на инсталацијата

I.II Орган надлежен за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола

Име на единицата на локална самоуправа	Општина Теарце
Адреса	Ул. 102 број 139, с.Теарце
Телефон	044 381 336
E-mail:	komunatearce@tearce.gov.mk

II. ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

Опишете ја постројката, методите, процесите, помошните процеси, системите за намалувањето и третман на загадувањето и искористување на отпадот, постапките за работа на постројката, вклучувајќи и копии од планови, цртежи или мапи, (теренски планови и мапи на локацијата, дијаграми на постапките за работа).

ОДГОВОР

II.I. Опис на инсталацијата:

Општи податоци

Постројката на која се врши дејноста на Друштво за производство, градежништво трговија и услуги БАУ-ЕНН ДОО експорт-импорт с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце е лоцирана на десната страна на локалниот пат Јагуновце-Теарце. Дејноста на Друштво за производство, градежништво трговија и услуги БАУ-ЕНН ДОО експорт-импорт с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце е производство и вградување на готов бетон. Бетонската база е со капацитет на производство од 25 $м^3$/час и е со автоматско дозирање на гранулати. Гранулатите преку приемните бункери се прифаќаат и преку автоматски систем на дозирање се внесуваат во мешалката каде се мешат со цемент и вода. Од аспект на комуникациска поврзаност, инсталацијата има одлични услови, бидејќи до истиот постои пристапен пат. Површината на локацијата зафаќа 8673 m^2. Инсталацијата се наоѓа надвор од населено место и во опкружувањето нема други индустриски капацитети. Во близина на локалитетот нема здравствени, социјални и образовни дејности.

Локацијата граничи со земјоделски обработливи површини и е на околу 3 км оддалеченост од населеното место Теарце.



Приказ на локацијата на инсталацијат на
БАУ-ЕНН ДОО с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце

Објектот се состои од бетонска база со два силоса со капацитет од 50 m^3, што инсталацијата ја класифицира во инсталација за која е потребно добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола, плац за складирање на суровини, плато за гранулати, изградени објекти за складирање на помошни материјали, покриена работилница со паркинг, компресораска станица, паркинг за механизација, помошни простории и возен парк и сл.

II.II Опис на дејноста

Дејноста на Друштво за производство, градежништво трговија и услуги БАУ-ЕНН ДОО експорт-импорт с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце е производство и вградување на готов бетон. Бетонската база е со капацитет на производство од 25 $м^3$/час и е со автоматско дозирање на гранулати. Гранулатите преку приемните бункери се прифаќаат и преку автоматски систем на дозирање се внесуваат во мешалката каде се мешат со цемент и вода. Бетонската база е постројка која служи за добивање на природен материјал со барана гранулација.

Да се произведе добар и квалитетен бетон не е едноставна и лесна работна активност. Чакалот, песокот и евентуално различните дополнителни материјали (чии димензии се движат од делови на микрометар, па се до неколку сантиметри) заедно ја сочинуваат основата на бетонот во комбинација со водата, воздухот и воденета пареа и се подложни на услови на мешање.

Квалитетот на бетонот зависи од голем број на параметри, но целокупното влијание на овие параметри генерално може да се сведе на два основни фактори: карактеристики на компонентите и структурата на мешавината.



Приказ на производен процес на Бетонска база

Преку друмски транспорт од страна на добавувачите се довезуваат суровините на самата локација (фракции на гранулати кои се складираат на склад за фракции, додека цементот во силоси за цемент). Дозорањето на компонентите за производство на бетон, како што се песок, цемент и вода се врши според зададената рецептура на овластени институции според меѓународните стандарди и прописи. Дозираната смеса добро се измешува во бетономешалката, а потоа се пресипува во миксер транспортно возило, кој директно го носи готовиот бетон на објект.

II.III Опис на локацијата

Производствениот капацитет е лоциран на КО Пршовце – општина Теарце. Објектот се наоѓа од десната страна на локалниот пат Јагуновце-Теарце. Објектот се наоѓа околу 3 км оддалеченост од населеното место Теарце. Теарце се наоѓа во Долен Полог, во североисточниот дел на Македонија си надморска височина од 540 м. Друштво за производство, градежништво трговија и услуги БАУ-ЕНН ДОО експорт-импорт с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце е лоцирано на КП бр. 759 дел 0, на КО Пршовце – општина Теарце. Локацијата на инсталацијата граничи со земјоделско обработлива површина од исток и југ, додека од запад граничи со индустриски објект а од северната страна граничи со регионалниот пат Теарце - Јагуновце. Објектот се состои од бетонска база со два силоса со капацитет од 50 м^3, што инсталацијата ја класифицира во инсталација за која е потребно добивање на Б – интегрирана еколошка дозвола, плац за складирање на суровини, плато за гранулати, изградени објекти за складирање на помошни материјали, покриена работилница со паркинг, компресорска станица. Електрична енергија користи од електроенергетскиот систем на Р.С.М. Во составот на инсталацијата се наоѓа магацински простор за резервни делови за одржување на опремата и канцеларијата за вработените од тврда градба.

Простостор во кој се одвиваат работните активности на БАУ-ЕНН ДОО

с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце се состои од:

- Помошна просторија за технички персонал со градби;
- Паркинг за миксери-товарни возила;
- Бетономешалка со систем на дозирање;
- Плато за гранулати;
- Силоси за цемент;
- Компресорска станица;
- Септичка јама;
- Дворно место;
- Таложници – јама за таложење остаток од свеж бетон;
- Вода се користи согласно проект за водоснабдување на инсталацијата од р. Бистрица.

Просториите се изработени од тврда конструкција, со ПВЦ врати и прозорци. Подовите се покриени со линолеум подлог. Вработените одредуваат колку песок, вода и цемент се потребни при процесот на производство, согласно рецептурата.

Помошни простории

Помошните простории се од траен карактер катност од П+0. Приземните простории претставуваат заеднички простории за вработените со гардероби и паркинг. Објектот е изведен како приземен со траен карактер, ѕидови ѕидани и офарбани однадвор и одвнатре. Прозорците и вратите се од алуминиумски профили, и застаклени со термопан стакло. Подовите се покриени со линолеум подлога. Овој објект служи и како магацински дел, канцеларија за директор, канцеларија за технички персонал, чајна кујна и помошна просторија.

Покриена работилница со паркинг и магацин

Објектот е изведен од бетонски стобови со дрвени носачи и покриен со поцинкуван лим.

Паркинг за миксери-товарни возила

Овој паркинг за возила – миксери е поставен во дворното место и е изведен со тампонирање на платото.

Бетономешалка со систем за дотур на гранулати

Машина за мешање на бетон со дигитално дозирање со капацитет од 25 м^3/ч бетон, поставена на соодветни фундаменти и обезбедена со потребните инфраструктурни приклучоци: вода, одвод, електрична струја, цистерни за цемент и систем за дотур на гранулати.
Бетономешалката е приклучена со довод на вода од водоснабдителниот систем на р.Бистрица, одвод, електрична енергија, цистерна за цемент и систем за дотур на гранулати. Во составот на бетоњерката влегува: систем за дотур на гранулати, автоматски систем за дозирање на песок, командна кабина, челична конструкција.

Сите машини, постројки и возила се подложени на повремен периодичен преглед од аспект на заштитата при работа. За одржување на машините и возилата во исправна состојба се користат услуги од надворешни сервисери.

Плато за гранулати и силоси за цемент

На самата локација има плато за гранулати (фракции 0-4 мм, 4-8 мм, 8-16 мм, 16-32 мм) кои преку систем за дотур на гранулати се дозираат во миксерот за бетон.

Снабдување со вода на бетоњерата

Заради потребите за технолошка вода во бетонската база, снабдувањето со вода помош на зафат на вода од р.Бистрица согласно проектот за водоснабдување на бетонската база.

Компресорска станица

Во употреба е компресор за компримиран воздух. Бетоњерата е опремена со сопствен компресор за воздух.

Септичка јама

Септичката јама на локацијата е прописно изведена со суво ѕидање со камен, против рушење и затрупување со пречник од 1,5 м и длабочина од 1,8 м и редовно ќе се прочистува од општинската комунална служба.

Електрична енергија

Инсталацијата потребите за електрична енергија ќе ги задоволува од електроенергетскиот систем на Република Северна Македонија.

Дворно место

Дворното место е делумно изведено од мрежасто армирана бетонска плоча на потегот каде минуваат возилата и главната комуникација, а делумно изведен со набиена земја и насипан гранулиран агрегат на потегот меѓу отворениот складиштен простор и влезот на локацијата.

Таложници – јама за таложење остаток од свеж бетон

Во дворното место на локацијата има два таложника за исталожена отпадна вода од перење на бетоњерата која се празни и водата повторно се враќа во производствениот процес.

Водоводна и канализациона мрежа

Како санитарна вода, вода за пиење и вода за против пожарна заштита се користи водата од р.Бистрица. Канализационата мрежа во инсталацијата се влева во септичка јама во дворот. Септичката јама е обзидана со камен со суво против рушење и затрупување. Атмосферската вода не се собира со посебни сливници и атмосферска канализација, туку поради тоа што се работи за мали количества вода, атмосферската отпадна вода се одведува надвор од објектите и истекува на отворено во околното земјоделско земјиште.


Возен парк и мобилна механизација

Друштво за производство, градежништво трговија и услуги БАУ-ЕНН ДОО експорт-импорт с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце располага со следната опрема: Два миксера и пумпа од 9 м^3; Два камиони 10 м^3; Еден камион 6 тони; Два багера тип 902 Е; Утоварач и Трактор.

II.IV Опис на технолошки процес

Друштво за производство, градежништво трговија и услуги БАУ-ЕНН ДОО експорт-импорт с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце е основано во 2003 година. Во почетокот на своето работење, претпријатието почнало да работи со неколку работници, за да во наредниот период бројот на вработени расте, и моментално има 6 вработени, но се очекува овој број да се зголеми. Од тие 6 вработени, има: управител, оператор на бетонска база, одговорен за одржување на механизацијата и возачи. Административните и книговодствеите работи ги извршуваат извршителите по договор. Суровините за производство на бетон се состојат од: Фракција на гранулат од 0-4 мм, Фракција на гранулат од 4-8 мм, Фракција на гранулат од 8-16 мм, Фракција на гранулат од 16-32 мм, Портланд цемент, Вода и Адитиви за бетон.

Преку друмски транспорт од страна на добавувачите се довезуваат суровините на самата локација (фракции на гранулати кои се складираат на склад за фракции, додека цементот во силоси за цемент). Дозорањето на компонентите за производство на бетон, како што се песок, цемент и вода се врши според зададената рецептура на овластени институции според меѓународните стандарди и прописи. Дозираната смеса добро се измешува во бетономешалката, а потоа се пресипува во миксер транспортно возило, кој директно го носи готовиот бетон на објект. При самото вградување на свежиот бетон по потреба се додаваат адитиви за бетон. По завршувањето на сите операции опремата за производство транспорт и вградување на бетон се пере на самата локација. Треба да се напомене дека рецептурите се зададени за сув камен агрегат. Доколку времето е влажно, потребно е да се врши редукција на водата, а да се зголеми учеството на фракциите за оптимална влажност на фракциите и тоа за прва фракција 5%, а за другите мах 1%. Исто така е неопходно за повисоките МБ да се користи пластификатор (суперфлуид или друг).



Шематски приказ на производство на бетон

Суровини кои се користат при производството на бетон се:

- Фракција на гранулат од 0-4 мм;
- Фракција на гранулат од 4-8 мм;
- Фракција на гранулат од 8-16 мм;
- Фракција на гранулат од 16-32 мм;
- Портланд цемент;
- Вода;
- Адитиви за бетон.

II.IV.I Технолошки процес на производство и користена опрема

Друштво за производство, градежништво трговија и услуги БАУ-ЕНН ДОО експорт-импорт с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце располага со следната опрема:

Опрема	Намена/технички карактеристики	
Камион – Миксер за бетон	Производител	Baruvd
	Модел	9 101
	Година на производство	2005
	Сериски број	16920
	Капацитет	9 m^3
	Регистарска таблица	ТЕ 3691 АЈ
Камион – Миксер за бетон	Производител	Baruvd
	Модел	9 101
	Година на производство	2006
	Сериски број	18405
	Капацитет	9 m^3
	Регистарска таблица	ТЕ 3731 АЈ

Камион – Миксер пумпа	Производител	CIFA
	Година на производство	1999
Универзален багер-натоварувач	Производител	LIEBHERR
	Тип	L544
	Година на производство	2005
	Капацитет на натоварување	3 m^3
	Инвентарен /сериски број	VATZ0443EZB013351
Трактор	/	/

Целокупниот производствен процес како основно енергетско средство користи електрична енергија, со што се избегнати ризиците на загадување на надворешната средина со гасови од согорување на цврсто или течно гориво.

Водоснабдувањето со вода за пиење на инсталацијата е обезбедена преку месната заедница на селото и ја корсти водата од водоводната мрежа с.Слатино, Теарце. Инсталацијата БАУ-ЕНН ДОО с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце со електрична енергија се снабдува од електрична мрежа на ЕВН Македонија. За одвивање на технолошкиот процес инсталацијата БАУ-ЕНН ДОО с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце во 2024 година има потрошено околу 119.288 kWh годишно електрична енергија. Електричната енергија се употребува за: - одвивање на целокупниот технолошки процес; - осветлување на просториите и просторот. Внатрешно предвидените површини во потполност ги задоволуваат потребите со оглед на намената на градбата за инсталацијата. Количество на вода што се планира односно се користи при вршењето на дејноста или активноста изразено на годишно ниво. БАУ-ЕНН ДОО с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце се снабдува со вода од водовдна мрежа на р.Бистрица. Водата во објектот се користи за:

-санитарна вода за тоалетите

-одржување хигиена на објектот

Просечната годишна потрошувачка на вода во објектот изнесува околу 390 m^3.

За потребите на инсталацијата,

Исто така, овозможен е едноставен пристап на транспортните средства како за потреба на технолошки процес (внатрешен транспорт), за транспорт на готов производ до купувачите (надворешен транспорт), така и за пристап на болнички и противпожарни возила во Инсталацијата.

Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација		
Сопственик на дозволата	Број на дозвола	Дата на издавање
Нема	/	/

Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација		
Сопственик	Референтен број	Дата на издавање
Нема	/	/

III. УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

Приложете организациони шеми и други релевантни податоци. Особено да се наведе лицето одговорно за прашањата од животната средина.

Операторот има сопствени политики за квалитет процедури и упатства каде се дефинирани и неопходни мерки за соодветно управување со животната средина.

ОДГОВОР

Друштво за производство, градежништво трговија и услуги БАУ-ЕНН ДОО експорт-импорт с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце, работи континуирано 6 дена во неделата, во една смена. Во бетонската база БАУ-ЕНН ДОО с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце, локација КО Пршовце, Теарце се вработени 6 лица од кои еден оператор на бетонската база, одговорен за одржување на механизација, возачи и управител. Административните и книговодствените работи ги извршуваат извршители по договор. Управителот раководи со целокупните активности во компанијата и вооедно е координатор за животна средина и одговорен за прашањата на барањето на Интегрираното спречување и контрола на загадувањето на Бетоњерката.
По потреба вработените одат на терен по налог на инвеститорот. Во текот на годината можни се отстапувања на оваа динамика на работа, во зависност од потребите на пазарот. Фирмата своето производство го базира на сопствен развој, конструкција и испитување, а притоа користејќи ги искуствата и технологиите на конкуренцијата на пазарот.

Организационата структура обезбедува:

-Дефинирани овластувања, одговорности и обврски на реализација на процесот на произвоство и системот на квалитет.
- Внатрешни комуникациски врски на вработените,
- Надворешни комуникациски врски со побарувачите, инвеститорите, добавувачите и соработниците,

Целосната одговорност за работата на компанијата и деловната политика ја има управителот:
- Организирање и усогласување на процесот на работата во компанијата;
- Утврдува производно-финансов план за наредната година;
- Ги превзема сите неопходни мерки за реализација на истиот;
- Ја предлага деловната политика и мерилата за нејзино спроведување;
- Превзема потребни мерки за подобрување на организацијата на работењето за зголемување на продуктивноста, економичноста и рентабилноста.
- Ја организира работата во сметководно финансиското работење на друштвото;
- Ги одобрува периодичните и завршните сметки;

Секојдневната организација и контрола на работата на објектот за производство на бетон е доверена на раководителот на објектот. Раководителот на производството е одговорен за упраавувањето со процесот на производство како и

за квалитетот на производите. Тој е одговорен за планирањето на производството, квалитетот на производите, контрола и третман на емисиите, за безбедноста на персоналот и за транспортот. Во негова надлежност е истражувањето и развојот во смисла на испитување и воведување на нови технологии, нови машини и сл. Раководителот е одговорен за целата инсталација.

Сите вработени имаат соодветни квалификации, искуство и обука за извршување на своите задачи и функции.

Целокупниот тек на процесот на производство е пропратен со техничко –технолошка опрема и документација, кое производството одговара на побарувачката на пазарот за продажба.

Одговорен за прашањата од аспект на животната средина и прашањето со барањето на Б-интегрираната дозвола одговорен е управителот-Нијази Таипи. Координаторот за квалитет и животна средина во соработка со соодветните служби ја презема обврската да се грижи за одржавањето на стандардите согласно дефинираните законски барања и да доставува годишни извештаи за количините на отпад до надлежните во министерството за животна средина.

IV. СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА

Приложете листа на суровините и горивата кои се користат, како производите и меѓупроизводите.
Пополнете ја следната табела (додадете дополнителни редови по потреба)

ОДГОВОР

Во процесот на производство на бетон се користаат неметални минерални суровини кои се добиваат преку ископување и претходно примарно дробење, портланд цемент и адитиви за поедини марки на бетон. Фракциите кои с екористат се со димензии на зрна од 0-4 мм, 4-8 мм, 8-16 мм и 16-32 мм. Доставувањето на суровините е преку добавувачи и преку сопствена концесија за ископ на минерални суровини.

Операторот согласно условите од дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи ја и водата).

Калцит,
Сив варовник,
Портланд цемент,
Помошни материјали,
Материјали за одржување на механизацијата,
Средства за хигиена,
Моторно масло,
Дизел гориво,
Производи,
Вода.

Калцит – Карбонатниот минерал калцит е хемиски или биохемиски карбонат со хемиска формула $CaCO_3$ и е еден од најраспространетите минерали во земјината кора. Исто така, делумно влегува во составот на седиментните стени и варовникот. Исто така, е примарен минерал во метаморфниот мермер. Се појавува во наслагите на геотермални води, пештери како сталактит и сталагмит. Калцитот претставува стабилна форма на калциум карбонат, аргонитот преминува во калцит на 4700 С, додека ветеритот μ-$CaCO_3$ е понестабилен. Се појавува во фиброзна, грануларна, ламеларна или компактна форма. Бојата му е бела или безбојна со нијанси на сива, црвена, жолта, зелена, сина, виолетова, кафеава па дури и црна во случаи кога минералот содржи примеси.

Сив варовник – Карбонатна стена со сива боја со финозрнеста структура составена од мермеризирани варовници што бурно реагира со ладна HCl киселина што се карактеризира за ситнозрни калцитни мермери.

Портланд цемент – Портланд цемент е дефиниран според европскиот стандард EH197.1. Според него Портланд цементот се состои од две компоненти од калциум силикат кој подоцна му се додаваат и определени количини на алуминиум и железо и калциум сулфат. Количеството на CaO и SiO_2 не смее да биде под 2% додека количеството на MgO не смее да биде поголемо од 5,0%. Портланд цемент се произведува во печки во кои се внесува материјалот од калциум

силикатите на високи температури до 1450 °C, каде притоа се додава и алуминиум оксидот. Кко најважна состојка подоцна се додава Калциум карбонатот, кој во тие услови се поврзува со претходно приготвената смеса, со што количината на $CaCO_3$ не смее да биде помала од 80%. Главна примена Портланд цементот наоѓа во градежништвото.

Помошни материјали - Користењето на помошните материјали се однесува на одржувањето на механизацијата и опремата, средства за одржување на хигиена како и средства за заштита при работа. Резервните делови како масти и мазива за подмачкување и одржување на опремата и механизацијата се складирани во склас за резервни делови во механичарската работилница.

Материјали за одржување на механизација - Резервни делови како масти и мазива за подмачкување и одржување на опремата и механизацијата се складирани во склад на резервни делови во механичарската работилница. Возниот парк и градежната механизација се одржува во специјализиран сервис при што се приложени соодветни договори за извршување на услугите.

Средства за хигиена и заштита при работа – Средствата за хигиена како и средствата за заштита при работа се чуваат во магацин за таа намена и се состојат од средства за лична хигиена како и заштитни ракавици, чевли и заштитна облека.

За непречено одвивање на работата на машините се користат следниве потрошни материјали: гориво, моторно масло, хидраулично масло.

Дизел гориво – Возниот парк и мобилната механизација се снабдува со дизел гориво од локалните бензински пумпи кои се наоѓаат во околината на инсталацијата. Годишната потрошувачка е околу 30 тони.

Вода – Водоснабдувањето со технолошка и санитарна вода во инсталацијата е обезбедена преку месната заедница на селото и ја корсти водата од водоводната мрежа с.Слатино, Теарце. Водата се користи само за производство на бетон и перење на објектот и околината и попрскување на гранулатите заради превенција од создавање прашина.

Производи – Целокупното производство на бетон се однесува на марката МБ 150, 200, 250, 300. Употребата на адитивите се изведува на самото место на вградување на бетон.

Видот и количината на потрошните материјали е прикажана во Табелата

Ред Бр.	Потрошен материјал	Единица мера	Вкупна количина на годишно ниво
1	Калциум	l/t	
2	Сив варовник	l/t	
3	Портланд цемент	l/t	
4	Помошни материјали	l/t	
5	Материјали за одржување на механизација	l/t	
6	Средства за хигиена и заштита при работа	l/t	
7	Дизел гориво	l/t	
8	Вода	l/t	
9	Производи	l/t	

Видот и количината на потрошните материјали е прикажана во Табелата

Реф. Бр. или	Материја/ Супстанција(1)	CAS(4) Број	Категорија на опасност(2)	Моментално складирана количина (тони)	Годишна употреба (тони)	R и S фрази(3)
1						
2						
3						
4						

Готови производи (фракции) во t	
вид	количина
Фракција 1 (0-4 mm)	110 t
Фракција 2 (4-8 mm)	55 t
фракција 3 (8-16,5 mm)	26 t
фракција 4 (16,5 - 31 mm)	19 t

Во случај каде материјалот вклучува одреден број на посебни и достапни опасни супстанции, дадете детали за секоја супстанција.

1. Закон за превоз на опасни материи (Сл. Лист на СФРЈ бр. 27/90, 45/90, Сл. Весник на РМ 12/93)
2. Според Анекс 2 од додатокот на упатството
3. Chemical Abstract Services

V. ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД

Во долната табела вклучете го целиот отпад што се создава, прифаќа за повторно искористување или третира во рамките на инсталацијата (додадете дополнителни редови по потреба).

ОДГОВОР

Во рамките на технолошкиот процесот на работа на постојката за производство се создава отпаден талог од перење на опремата, возниот парк и платото на бетонска база од остатоци од бетон. Целокупниот создаден отпаден талог од таложењето се собира во самопопивателна таложна јама со капацитет од 10 m^3 а годишно би се создавало околу 850 тони талог. Создадениот отпад од талог се празни по потреба и се користи повторно во технолошкиот процес како тампон при градежни работи.

Цврстиот отпад кој што се создава на локацијата, може да се категоризира во следните групи:

- Комунален отпад
- Моторно трансмисионо и хидраулично масло
- Филтри за масло
- Талог од бетон од перење на опремата
- Отпадна вода од таложење

Комуналниот отпад е неопасниот отпад што се создава од физичките лица на локацијата на инсталацијата. Овој отпад е во вид на отпадоци од храна, хартија, амбалажа, метал, стакло, пластика и други предмети. Овој отпад го превзема јавно комунално претпријатие.

Создадениот отпад од одржување на постројката и опремата се собира на посебно место до паркингот за механизација и возила а останатиот неметален отпад во контејнер за комунален отпад на влезот на локацијата. За создадените отпадни масла од одржување на механизацијата се задолжени специјализирани фирми со кои се склучени договори, за одржување на механизацијата и возниот парк.

Металниот отпад се превзема од приватни субјекти додека комуналниот отпад од страна на јавното комунално претпријатие се пренесува до градската комунална депонија.

Собирањето и транспортирањето на отпадот се врши со средства и опрема која е наменета исклучиво за собирање и транспортирање на отпадот.

Загадување на почвата може да настане во случај на хаварија во моментот на претурање на моторното гориво, кое се чува во специјални буриња за таа намена, но резервоарите не користат голема количина на дериват.

Со внимателно ракување, појавата на несакани излевања на гориво во почвата е занемарлива.

При ракувањето со дотурот на горива на локацијата ќе се води посебно внимание да не дојде до контакт на овие материи со почвата и површинската и подземната вода.

Ред. бр	Вид на отпад/материјал	Број од Европскиот каталог на отпад	Количина		Преработка / одложување	Метод и локација на одложување
			Количина по месец (тони)	Годишна количина (тони)		
1	Мешан комунален отпад	20 03 01	0,02	0,3	/	ЕКО В-С БУИЛДИНГ ДООЕЛ с.Боговиње
2	Моторно трансмисионо и хидраулично масло	13 02	0,04	0,5	/	АУТО-ХАУС Заковски ДООЕЛ
3	Филтри за масло	16 01 07	/	0,05 0,02	/	ЕМС КОМПАНИ ДООЕЛ с.Слатино Теарце
4	Талог од бетон од перење на опремата	01 04 12	2,8	35	Одложување	Пренос до сепарација
5	Отпадна вода од таложење	01 04 12		Се реупотребува во процесот на производство	Одложување	Повторна реупотреба во технолошкиот процес

VI. ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА

Приложете листа на сите точкасти извори на емисии во атмосферата, вклучувајќи и детали на котелот и неговите емисии.

Опишете ги сите извори на фугитивна емисија, како на пр. Складирање на отворено.

Апликантот е потребно да посвети особено внимание на оние извори на емисија кои содржат супстанции наведени во Анекс 2 од додатокот на Упатството.

ОДГОВОР

Само за котли со моќност повеќе од 250 kW, малите котли се исклучени

Капацитет на котелот Производство на пареа: Термален влез:	kg/час MW	
Гориво за котелот Тип:јаглен/нафта/*ЛПГ)/гас/биом аса итн*. Максимален капацитет на согорување Содржина на сулфур:	kg/час %	
NOx	mg/Nm^3 при (0^{o}C. 3% O_2(Течност или гас), 6%	
	O_2(Цврсто гориво)	
Маскимален волумен на емисија	m^3/час	
Температура	^{o}C(мин)	^{o}C(мац)
Периоди на работа	час/ден	Денови/годишно

Извор на емисија	Детали за емисијата				Намалување на загадувањето
Референца/бр. на оџак	Висина на оџак (m)	Супстанција / материјал	Масен проток (mg/Nm^3)	Проток на воздух (Nm^3/h)	Тип на филтер/циклон/ скрубер

За други големи извори на емисии во производството:

Нормалните услови за температура и притисок се: 0^{o}C, 101.3 kPa

На предметна локација извршени се испитувања на штетни материи во воздухот за следните мерни параметри: јаглерод моноксид, азотни оксиди, кислород, јаглерод диоксид, сулфур диоксид и чаден број кои произлегуваат од Агрегат – Нафта

Во табелата се прикажани резултатите од испитувања на штетни материи во воздухот

Основни податоци за мерните места

Мерно место	Име	Димензии на мерната рамнина [mm]	Положба на мерните места
1	ММ1 – Агрегат – Нафта	Ø100	**42°04'11,5"N 21°05'05,7"E**

Агрегат – Нафта Датум:			30.01.2025
Гориво: Нафта	Траење мерењето, t[min]=30	Број на работни саати на агрегатот годишно [h/god]= /	
Референтни услови			
Референтен притисок, Pr[kPa] =	101,3	Референтна содржина на влага, Xr[%]=	0
Референтна температура, Tr[K]=	273	Референтна содржина на кислород, O2r [%]=	3
Карактеристики на чадниот канал			
Димензии на каналот:	0,10	Површина на мерната рамнина, Ad [m2]=	0, 008
Резултати од мерењето			
Просечна брзина на струење на гасот во каналот [m/s]:		**5,1**	
Средна температура на гасот во каналот [ºC]:		**256,7**	
Апсолутен притисок во каналот (статички) [kPa]:		**98,48**	
Проток на гас во каналот рефер. услови [Nm³/h]:		**149,3**	

Параметар	Мерна единица	Резултати сведени на сув гас, нормални услови (Рез . +/- м.н.%)		ГВЕ (Дизел агрегати)
O2	%	**4,56**	**2,062**	**-**
CO2	%	**4,51**	**4,334**	**-**
CO	mg/Nm³	**480,0**	**4,564**	**650**
SO2	mg/Nm³	**189,4**	**5,923**	**-**
NOx	mg/Nm³	**162,8**	**4,389**	**200**
Чаден број	Скала (од 0 до 9)	**1**	**/**	**-**

Вкупно годишно оптеретување за Агрегат - Нафта

Параметар на мерење	Резултати сведени на сув гас, нормална состојба [mg/m3]	Масен проток, нормална состојба [kg/h]	Годишно оптоварување [kg/год] (*)
SO2	**489,4**	**101,82167**	/
CO	**480,0**	**258,00967**	/
NOx	**162,8**	**87,534196**	/
CO2 [%]	**4,51%**	/	/
02 [%]	**4,56%**	/	/

(*) Проценетето годишно оптоварување се добива кога масениот проток [kg/h] на поедина загадувачка материја се помножи со бројот на работни саати во текот на годината.



Приказ на мерни места

Добиениот резултат е изразен на следниов начин:

Измерена вредност + м.н. < максимално дозволената вредност

Врз основа на измерените вредности, може да се заклучи дека концентрацијата на чадни гасови од агрегатите **не ги надминуваат граничните вредности** пропишани со Правилникот за гранични вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот во воздухот (Сл.Весник бр.141/10) и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот гранични вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл.Весник бр.223/19).

Согласно Директивите на европската унија, загадувањето е непосредно или посредно внесување како резултат на човечките дејствија, на материи, вибрации, топлина или бучава во воздухот, водата или во почвата, кои што можат да бидат штетни по човековото здравје или по квалитетот на животната средина, од кои што може да произлезе штета по материјалниот имот или кои што ги нарушуваат или влијаат врз природните убавини и другите легитимни начини на користење на животната средина. Квалитетот на воздухот е еден од поважните чинители на кои треба да се внимава при планирање на просторот заради спречување на деградација на истиот со имплементација на планскиот документ. На нивото на општина Теарце состојбата со квалитетот на воздухот е задоволителна. Во неа не постојат индустриски капацитети од поголеми размери кои што во значителен обем би влијаеле на квалитетот на амбиентниот воздух. На територијата на општина Теарце во рамките на националната мрежа нема поставено мониторинг станица за следење на квалитетот на амбиентниот воздух.

На предметна локација извршени се мерење на емисија на цврсти честички во воздухот (PM 10).

Во табелата се прикажани резултатите од мерењата на емисија на цврсти честички во воздухот:

ММ: 1 40^{0}04'12,01"N 21^{0}05'07,21"E				
Траење на земањето примероци, ts[h]=4		24h		
Резултати од мерењето				
Параметар	Мерна единица	Добиени резултати од мерењата		Гранична вредност
		Измерена вредност	м.н.	
Концентрација на ЦЧ 10	μg/m^3	**41,3**	**8,0**	50

ММ: 2 40^{0}04'12,07"N 21^{0}05'03,55"E				
Траење на земањето примероци, ts[h]=4		24h		
Резултати од мерењето				
Параметар	Мерна единица	Добиени резултати од мерењата		Гранична вредност
		Измерена вредност	м.н.	
Концентрација на ЦЧ 10	μg/m^3	**36,8**	**8,0**	50

ММ: 3 40^{0}04'10,68"N 21^{0}05'03,04"E				
Траење на земањето примероци, ts[h]=4		24h		
Резултати од мерењето				
Параметар	Мерна единица	Добиени резултати од мерењата		Гранична вредност
		Измерена вредност	м.н.	
Концентрација на ЦЧ 10	μg/m^3	**40,6**	**8,0**	50

ММ: 4 40^{0}04'12,59"N 21^{0}05'00,87"E				
Траење на земањето примероци, ts[h]=4		24h		
Резултати од мерењето				
Параметар	Мерна единица	Добиени резултати од мерењата		Гранична вредност
		Измерена вредност	м.н.	
Концентрација на ЦЧ 10	μg/m^3	**37,1**	**8,0**	50



Приказ на мерни места

Добиениот резултат е изразен на следниов начин:

Измерена вредност + м.н. < максимално дозволената вредност

Врз основа на измерените вредности, може да се заклучи дека концентрацијата на цврсти честички во воздухот ЦЧ 10 (PM 10) **не ги надминува граничните вредности** пропишани со Уредба за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини и толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели (Службен весник на РМ бр. 50/05, Службен весник на РМ бр.4/13, Службен весник на РМ бр. 183/17).

Штетни компоненти од издувните гасови

Моторите со внатрешно согорување, било да се користат во моторните возила или за други намени (стационирана примена), се главни извори на аерополутанти. Тие учествуваат околу 73% во вкупната емисија на јаглерод моноксидот, со 50% во емисијата на јаглеводороди (диоксини, фурани) и 50% во вкупната емисија на оксиди на азот. Моторните возила се релативно мали емитатори на цврсти честички и оксиди на сулфур. Со оглед на големината, работата, типот на моторот и видот на горивото, моторите со внатрешно согорување емитираат разни видови на полутанти. Најзначајни се: јаглерод моноксид, јаглеводороди и оксиди на азот.

Основните компоненти на штетното влијание на организмот кај човекот се јаглен моноксидот, како и оксидите на сулфурот. Штетните влијанија кои се манифестираат врз растителниот свет се познати и тоа преку сулфурната и сулфурестата киселина со некрози на вегетативните растителни делови.

За време на работа на моторите од дизел машините, емитирани супстанци во прв ред се јаглерод моноксид, азотни оксиди и ароматични јаглеводороди.

Издувните гасови од дизел моторите се состојат од продукти на потполното согорување на јагленот, состојки од воздухот како и продукти од непотполното согорување, оксидација на примесите и додатоци на горивата и оксидите на водородот. Штетните својства на издувните гасови се условени од содржината на дополнителните компоненти (микропримеси) во горивото. Штетноста на микропримесите се манифестира со непријатен мирис и токсични својства.

Пресметка на степенот на загадување од овие соединенија не е направена со оглед на краткото времетраење на операциите (една смена со 5-6 работни часа) и поради тоа ова влијание е занемарливо.

Моторните возила снабдени со дизел-мотори, во однос на моторите возила со бензински мотори, емитираат помалку полутанти. Во однос со бензинските мотори, дизел-моторите испуштаат само 1/10 јаглерод моноксид. Емисијата на јаглеводороди со испарувањата е пониска поради тоа што овие мотори имаат затворен систем на уфрлање на горивото, а и помалку се троши гориво.

Загадувањето на микроатмосферата се предвидува да е во мошне низок степен и практично незначителни емисии на издувни гасови од машините, агрегатите и возилата, како што е прикажано во следнава табела:

Извор на емисија	Детали за емисијата			Отстапувања од МДК (mg/Nm3)	
Опис	Број на мобилни извори (кога е применливо)	Супстанција/ материјал	Емисија (mg/Nm3)	МДК (mg/Nm3)	Надминување / во рамките на МДК

Загадувањето на воздухот може да настане и при појава на пожар во околината и на локацијата на инсталација за производство на бетон при што се ослободуваат големи количини на чад и токсични гасови.

Заклучоци

Најопшто, очекуваните промени во квалитетот на амбиентниот воздух во истражуваниот регион можат да бидат оценети ако се споредат со вкупните емисии за одделни загадувачи за периодот пред и по реализацијата на проектот. Таквата споредба покажува дека по реализацијата на проектот не се очекува значително зголемување на емитуваните количества сулфурни, азотни и јаглеродни оксиди, додека при екстремни услови можно е временски ограничено зголемување на емитуваните количества прашина со генерално локална дисперзија.

Загадување со азотни оксиди – Реализацијата на проектот ќе има незначително влијание во однос на овој загадувач.

Загадување со јаглеродни оксиди – Реализацијата на проектот ќе има незначително влијание во однос на овој загадувач.

Загадување со сулфур диоксид – Реализацијата на проектот ќе има незначително влијание во однос на овој загадувач.

Загадување со прашина – Реализацијата на проектот ќе има локално влијание во однос на овој загадувач.

Територијален опфат: локален.

Степен на влијание: минимален во согласност со емисионите норми, според македонското законодавство и технолошките услови за експлоатација. Во случај на хаварии, влијанието ќе биде кратковременно, не е можно загадување на големи области.

Времетраење: периодот на експлоатација на инсталацијата.

Фреквенција: за време на експлоатацијата, во текот на работниот ден.

Кумулативни и синергетски влијанија врз животната средина: не се очекуваат.

Во објектот на Друштво за производство, градежништво трговија и услуги БАУ-ЕНН ДОО експорт-импорт с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце, Извршени се мерења на концентрации на цврсти честички во воздухот ЦЧ 10 (PM 10), согласно стандардот МКС EN 12341:2014 – Амбиентен воздух – Стандардна метода на гравиметриско мерење за одредување на ЦЧ 10 (PM 10) или ЦЧ 2.5 (PM 2.5) масена фракција од суспендираните цврсти честички. Резултатите од извршените мерења се прикажани. Емисии во атмосфера а врз основа на дадените резултати може да се заклучи дека концентрацијата на цврсти честички во воздухот ЦЧ 10 (PM 10) **не ги надминува граничните вредности** пропишани со Уредба за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини и толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели (Службен весник на РМ бр. 50/05, Службен весник на РМ бр.4/13, Службен весник на РМ бр. 183/17).

VII. ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА

Барателот треба да наведе за секој извор на емисија посебно дали се емитуваат супстанции наведени во Анекс II од Додатокот на Упатството. Потребно е да се дадат детали за сите супстанциии присутни во сите емисии, согласно Табелите III до VIII од Уредбата за класифицкација водите (Сл. Весник 18-99). Треба да се вклучат сите истекувања на површински води, зедно со водите од дождови кои се испуштаат во површинските води.

ОДГОВОР

Генерално, потенцијални загадувачи на отпадните води нема. Производството на бетон во основа е процес во кој не се создава отпадна вода. Отпадната вода се создава од дождовните води од локацијата и водите од перење на опремата и возниот парк која содржи остатоци од свеж бетон. Од локацијата на Бетонската база дел од водата од таложниците се испушта во река.

Водата која ја користат работниците за одржување на лична хигиена е минимална - занемарлива, поголема количина на вода за лична хигиена ќе се користи во просториите каде работниците ќе претстојуваат по работното време. Водата која се создава заради хигиенските и санитарните потреби на вработените преку санитарен чвор ќе се испушта во септичка јама. Септичката јама ќе се празни по потреба од страна на јавно кумунално претпријатие.

Отпадните води, и останати индустриски отпадни продукти (горива, масла, деривати и др.) кои можат да се инфилтрираат во водоносната средина треба да се прифаќаат со соодветни системи на дренажи и канали, да се одведуваат до водособирници, а понатаму да се отстрануваат или пречистуваат.

На локацијата на Друштво за производство, градежништво трговија и услуги БАУ-ЕНН ДОО експорт-импорт с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце има испуштање на отпадна вода дел од таложниците се испушта во река.

Водата која се создава од перењето на опремата и возниот парк ќе се таложи во 2 таложни јами на самата локација. Таложните јами се со капацитет од по 2 м3 за перење на миксерот и возилата. Платото пред бетоњерата е бетонирано и се користи за перење на возила од остатоци на бетон, водата од перењето на возилата и водата од перењето на миксерот за бетон на бетоњерката гравитациски се слеват во таложната јама.

Пополнете ја следната табела:

Параметар	Пред третирање				После третирање				
Име на супстанција	Макс. Просек на час (mg/l)	Макс. Дневен просек (mg/l)	Kg/ден	Kg/год	Макс. просек на час (mg/l)	Макс. Дневен просек (mg/l)	Вкупно Kg/ден	Вкупно Kg/год .	Идентитет на реципиентот (6N;6E) 1

Следените табели треба да се пополнат во случај на директно испуштање во реки и езера.

Точка на мониторинг/ Референци од Националниот координатен систем :

Параметар	Резултати (mg/l)				Нормален аналитички опсег	Метода/ техника на анализа
	Датум	Датум	Датум	Датум		
pH						
Температура						
Електрична проводливост S						
Амониумски азот NH4-N						
Хемиска потрошувачка на кислород						
Биохемиска потрошувачка на кислород						
Растворен кислород O2(p-p)						
Калциум - Ca						
Кадмиум - Cd						
Хром - Cr						
Хлор - Cl						
Бакар - Cu						
Железо -Fe						
Олово – Pb						
Магнезиум - Mg						
Манган - Mn						
Жива - Hg						

Согласно Националниот координатен систем

Точка на мониторинг/ Референци од Националниот координатен систем:

Параметар	Резултати (mg/l)				Нормален аналитички опсег	Метода/ техника на анализа
	Датум	Датум	Датум	Датум		
Никел – Ni						
Калиум - K						
Натриум - Na						
Сулфат – SO4						
Цинк - Zn						
Вкупна базичност (како CaCO3)						
Вкупен органски јаглерод TOC						
Вкупен оксидиран азот TON						
Нитрити - NO2						
Нитрати - NO3						
Фекални колиформни бактерии во раствор (/100ml)						
Вкупно бактерии во раствор (/100ml)						
Фосфати - PO4						

Со цел да се оцени влијанието на отпадната вода во објектот е извршена лабораториска анализа на квалитетот на водата.

Мерењата се однесуваат на:

- ФИЗИЧКО-ХЕМИСКО ИСПИТУВАЊЕ:

  Параметри на мерењето:
  - Температура (^oC)
  - Нитрати NO3--N (mg/L)
  - Нитрити NO2--N (mg/L)
  - pH
  - Амониум $NH4^+$-N (mg/L)
  - Хлориди Cl- (mg/L)
  - ХПК (mg/L)
  - $БПК_5$ (mg/L)

Услови	
Локација:	Лабораторија на ТИМ Неготино
Температура на воздух t[^oC] =	21,2

ММ: 1 – Излезен канал од таложник				
Параметар	Мерна единица	Резултати	м.н.	ГВЕ
Температура	^oC *	12,1	0.54	30
Нитрати	mg/L NO3-N*	2,09	0.16789547	2,0
Нитрити	mg/L NO2-N*	0,71	0.0390	1,0
pH	(-) *	7,01	0.026	6,5-9,0
Амониум	(mg/L $NH4^+$-N) *	1,58	0.01139	10
Хлориди	mg/L Cl- *	11,6	0.8220	-
ХПК	mg/L O_2 *	43,1	1,057150257	125
$БПК_5$	mg/L O_2 *	14,8	1,018735266	25

Добиениот резултат е изразен на следниов начин:

Измерена вредност + м.н. < максимално дозволената вредност

Врз основа на измерените вредности, може да се заклучи дека измерените параметри од отпадна вода во околината не ги надминува граничните вредности пропишани со Правилникот за условите, начинот и граничните вредности на емисија на испуштање на отпадните води по нивното пречистување, начинот на нивно пресметување, имајќи ги предвид посебните барања за заштита на заштитени води Сл. весник 81/2011.

VIII. ЕМИСИИ ВО ПОЧВА

Опишете ги постапките за спречување или намалување на влезот на загадувачки материи во подземните води и на површината на почвата.
Потребно е да се приложат податоци за познато загадување на почвата и подземните води, за историско или моментално загадување на самата локација или подземно загадување.

ОДГОВОР

Не се очекуваат емисии поради тоа што во технолошкиот процес не учествуваат, масла, мазива, кои би можеле да предизвикаат загадување на почвата. Вишокот на вода која се користи во технолошкиот процес преку санитарен чвор ќе се испушта во септичка јама. Септичката јама ќе се празни по потреба од страна на јавно кумунално претпријатие.
Според квалитетот и плодноста на почвата во областа од интерес, почвата може да се подели во две општи категории:

1. Почви на кои вирее природна вегетација (псеудомакии, суви тревни површини, карпести предели). Овие почви генерално се одликуваат со ниска плодност и висок квалитет во поглед на загадување.

2. Почви под човечки фактор (земјоделски површини) кои се силно изменети под влијание на земјоделски активности, особено фертилизација.

Поголем дел од почвите во областа од интерес се почви со суви тревни површини, помешани со површински присутни седименти со варовник.
Загадување на почвата може да настане во случај на хаварија во моментот на претурање на моторното гориво, Зборот хаварија во овој случај не е соодветен бидејќи садовите не користат голема количина на моторно - дизел гориво. Со внимателно ракување во операција, појавата на несакани излевања на гориво во почвата е **занемарлива**.

IX. ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ФАРМЕРСКИ АКТИВНОСТИ

Во случај на отпад од земјоделски активности или за земјоделски намени, во следната табела треба да се опишат природата и квалитетот на супстанцијата (земјоделски и неземјоделски отпад) што треба да се расфрла на земјиште (ефлуент, мил, пепел), како и предложените количества, периоди и начини на примена (пр. цевно испуштање, резервоари).

ОДГОВОР

Идентитет на површината	
Вкупна површина (ha)	
Корисна површина (ha)	

На локацијата не се вршат земјоделски или фармерски активности и затоа инсталацијата нема загадување од отпад од земјоделски активности или за земјоделски намени.

Култура	
Побарувачка на Фосфор (kg P/ha)	
Количество на мил расфрлена на самата фарма (m3/ha)	
Проценето количесто Фосфор во милта расфрлена на фармата (kg P/ha)	
Волумен што треба да се аплицира (m3/xa)	
Аплициран фосфор (kg P/ha)	
Вк. количество внесена мил (m3)	

X. БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ

Листа на извори (вентилација, компресори, пумпи, опрема) нивна местоположба на локацијата (во согласностсо локациската мапа), периоди на работа (цел ден и ноќ / само преку ден / повремено).

ОДГОВОР

Влијанието на штетната бучава зависи од многу фактори, пред сé, од петрографската структура, висината, климата и присутната вегетација на теренот.
Дисперзијата на бучавата во средината ќе зависи од топографијата, климата, апсорпциската моќ на вегетацијата и сл. Нивото на бучава, исто така зависи и од типот на возилото и неговиот мотор, како и од горивото кое ќе се употребува.
Главни извори на бучава на предметната локација се:
- Бетоњерка, камиони, миксери, мешалки, багери и сл.

Споредни извори на бучава се:
- самите возила кои се користат за довоз и одвоз на разни суровини кои се потребни за производниот процес.

Надворешни извори на бучава се извори од самата улица како и од самата природа.
На предметна локација извршени се мерење на бучава во животна средина.
Извори на бучава
Во околината на објектот на нарачателот констатирани се следните извори на бучава во животна средина: машини и опрема која се користи во процесот на работа и сл.
Надворешната бучава (комунална бучава) во испитуваното подрачје потекнува од звуци од движење на моторните возила, од опремата, од околината и звуци од природата.

Резултати од мерење на бучава										
Степен на подрачје			**(IV)**							
Време на мерење			10 min по мерно место							
			Резултати од мерењето							
Мерно место	Координати	Мерна единица	Мерени			ГВЕ L_{eq} денски (за четири степени на подрачја)				ГВЕ L_{Afmax}
			L_{eq}	L_{Afmax}	м.н. U	I	II	III	**IV**	III и IV
MM1	40^{0}04'12,01"N 21^{0}05'07,21"E	**(dBA)**	64,3	78,2	1,17	50	55	60	**70**	110
MM2	40^{0}04'12,07"N 21^{0}05'03,55"E	**(dBA)**	66,2	77,5	1,17	50	55	60	**70**	110
MM3	40^{0}04'10,68"N 21^{0}05'03,04"E	**(dBA)**	65,1	76,1	1,17	50	55	60	**70**	110
MM4	40^{0}04'12,59"N 21^{0}05'00,87"E	**(dBA)**	61,8	74,7	1,17	50	55	60	**70**	110



Приказ на мерни места

Проширената мерна неодреденост изнесува:
U=1,17dB

Добиениот резултат за мерената бучава е изразен на следниов начин:

Leq + м.н. < максимално дозволената вредност за бучава

Врз основа на измерените вредности, може да се заклучи дека измерената вредност на бучавата **не ги надминува граничните вредности** пропишани со Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 147/08).

Појавата на вибрации доаѓа од осцилациите на товарно-транспортните средства. Бидејќи интензитетот на вибрациите рапидно опаѓа со зголемување на растојанието од изворот, штетни вибрации би можеле да влијаат на кратко растојание до 30 м, по кое нема нивно влијание. Бидејќи во непосредна близина на работната средина нема населени објекти, ризикот од резонација со вибрациите е занемарлива.

Нивоата на бучава во животната средина од објектот на Друштво за производство, градежништво трговија и услуги БАУ-ЕНН ДОО експорт-импорт с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце, изразени како еквивалентно ниво на бучава LAEq споредени се со основниот индикатор на бучава Ld за период кога е извршено мерењето. Максималната измерена вредност на нивото на бучава LAEmax споредена е со граничната вредност LAFmax како дополнителен индикатор што се однесува на подрачја за индустриски, комерцијални, сообраќајни и други региони. Со оглед на нивото на бучава на локацијата, предизвикано од работењето на постројките, движењето на транспортните уреди и транспортните возила и од сите други активности во погонот како утовар-истовар, укажува дека на границата на локацијата со другите објекти нивото на бучава не ги надминува дозволените граници. Се заклучува дека измерените вредности **не ги надминуваат граничните вредности** пропишани со Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 147/08).

XI. ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ

Опишете го мониторингот и процесот на земање на примероци и предложете начини на мониторинг на емисии за вода, воздух и бучава.

ОДГОВОР

Во барањето за добивање на интегрирана еколошка дозвола до надлежниот орган, разгледани се сите аспекти кои што иматат влијание врз животната средина, направена е оценка на истите и врз основа на тоа одреден е мониторинг врз истите.
Мониторингот се однесува на процесните услови, емисии во животната средина како и мерења на нивоата на загадувачи во животната средина и известување за резултатите од тие мерења со цел да се покаже почитување на границите кои се специфицирани во дозволата или во други релавантни документи. Мониторингот се спроведува за да се обезбедат корисни информации, а се базира на мерења и набљудувања што се повторуваат со определена зачестеност во согласност со документирани и договорени процедури. При поставување на оптимални услови на мониторинг следниве седум аспекти треба да бидат земени во предвид:

1. Причина на мониторингот
2. Одговорност на мониторингот
3. Принципт на практичен мониторинг
4. Аспекти на мониторингот при поставување на граници
5. Период на мониторинг
6. Оценка на усогласувањето
7. Известување.

Причина на мониторингот

Според законот За животна средина, сите МДК во Б интегрираните дозволи треба да бидат базирани на примена на најдобрите достапни техники. Основните причини за неопходноста на мониторингот се:
- Се проверува дали емисиите со во границите на МКД,
- Одредување на придонесот на одредена инсталација во загадувањето на животната средина.

Одговорност на мониторингот

Според законот За животна средина, организацијата е одговорна за мониторингот. Општината може да спроведе сопствен мониторинг за инспекциски цели. Операторот и општината може да ангажираат трета страна да го спроведе мониторингот за нив. Но, крајната одговорност за мониторингот и неговиот квалитет е она операторот и општината, а не на оној кој го вршел мониторингот за нив.

Принцип на практичен мониторинг

При избор на практичен мониторинг треба да се идентификуваат следниве аспекти:
- Избор на параметрите
- Фрекфенција на мониторинг

- Метод на мониторинг
- Интензитет на мониторинг.

Аспекти на мониторингот при поставување на граници

За да се постават границите мора да се земе во предвид начинот на поставување на границите, кои се видови на граници и аспекти ќе се земат во предвид како дел од поставувањето на границите. Идентификувањето на аспектите на мониторингот при поставување на границите се врши по следните параметри:
- Услови на процесот
- Опрема на процесот
- Емисии на процесот
- Влијание врз животната средина
- Употреба на ресурси
- Процент на собрани податоци од мониторинг

Период на мониторинг

Кога се поставуваат условите на мониторингот во врска со времето треба да се земат во предвид:
- Времето на земање на примероци или вршење на мерење
- Просечно време
- Фрекфенција

Времето на земање примероци или вршење на мерењето се однесува на датумот, часот од денот и седмицата, месецот итн.
Просечното време е онаа време во кое резултатот од мониторингот е прикажан како репрезент од просечни оптоварувања или концентрации на емисијата. Може да биде часовно, дневно, седмично, месечно, годишно итн.
Фрекфенцијата се однесува на времето помеѓу земањето на индивидуалните примероци и генерално и е поделено помеѓу континуиран и неконтинуиран мониторинг.

Оценка на усогласувањето

Резултатите од мониторингот се користат за оценување на усогласувањето на инсталацијата со границите поставени во дозволата. Оценката на усогласувањето вклучува споредба помеѓу:
- Мерењата или статичкото резиме пресметано од мерењата
- Релевантните МДК или еквивалентен параметар
- Отстапување од мерењата

Известување

Известување за резултатите од мониторингот вклучува сумирање и презентирање на резултатите од мониторингот, поврзаните информации и заклучоци од усогласувањето на ефикасен начин.

Програма на мониторинг

Определувањето на програмата за мониторинг ги вклучува следните параметри:
- Точките и параметрите на мониторингот
- Фреквенција на мониторинг
- Метод на земање примероци и анализи
- Систем за известување

Точките и параметрите на мониторингот

При изборот на точките на мониторингот во предвид се земени значајните точкасти извори, соодветните точки за мониторинг на амбиеталната животна средина и мониторинг на критичните процесни параметри. Мониторинг се врши на оние извори на емисии за кои се смета дека имат значајно влијание врз животната средина како и на оние за кои се потребни мерки за намалување за да се постигнат прифатливи нивоа на емисии.

Фреквенција на мониторинг

Фреквенцијата на мониторингот е одредена во зависност од значењето и брзината на влијанието, факторите на ризик и потреба од мониторинг и од анализа на ресурсите. Фреквенцијата може да биде континуиран мониторинг, периодичен, часовен, дневен, седмичен, месечен, годишен или мониторинг во дадена прилика за даден настан.

Методи на земање примероци и анализи

Методите за земање на примероци и анализи треба да бидат стандардни или валидирани еквивалентни договорени со надлежен орган. Персоналот треба да биде соодветно квалификуван и целосниот опсег на земањето на примероци и правењето на аналии треба да бидат предмет на контрола на квалитет.

Предлог за мониторинг на емисии

Предложен е мониторинг на емисии на респирабилна прашина, бучава и испитување на отпадна вода од активностите и возниот парк на постројките за производство на бетон. Мониторингот се предлага да се изведува еднаш годишно на следните места за мониторинг и за следните параметри:

План на мерни места за мониторинг и земање на примероци

Референтна точка	**Опис**
БУЧАВА	
Мерно место бр.1	$40^0$04'12,01"N $21^0$05'07,21"E
Мерно место бр.2	$40^0$04'12,07"N $21^0$05'03,55"E
Мерно место бр.3	$40^0$04'10,68"N $21^0$05'03,04"E
Мерно место бр.4	$40^0$04'12,59"N

	21^{0}05'00,87"E
Концентрации на цврсти честички во воздухот ЦЧ 10 (PM 10)	
Мерно место бр.1	40^{0}04'12,01"N 21^{0}05'07,21"E
Мерно место бр.2	40^{0}04'12,07"N 21^{0}05'03,55"E
Мерно место бр.3	40^{0}04'10,68"N 21^{0}05'03,04"E
Мерно место бр.4	40^{0}04'12,59"N 21^{0}05'00,87"E
Емисии на загадувачки материи во воздух	
Мерно место бр.1 - Агрегат на Нафта	42°04'11,5"N 21°05'05,7"E
Испитување на отпадна вода	
Мерно место бр.1	Излезен канал од теложник

Мониторингот ќе го изведува овластена компанија за мерење на емисиите во воздухот а ќе се однесува на мерење на емисиите на отпадните гасови од процесот на производство, мерење на бучавата на границите на локација, мерење на емисиите на респирабилна ПМ10 прашина и испитување на отпадна вода од објектот на корисникот.

Емисијата на цврсти честици во воздухот од од објектот на Друштво за производство, градежништво трговија и услуги БАУ-ЕНН ДОО експорт-импорт с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце се фугитивни, односно нема оцаци на кои треба да се постави опрема за мерење на цврсти честици во воздух. За квалитетот на амбиенталниот воздух е надлежно Министерството за животна средина и просторно планирање, односно на секои 200.000 жители треба да има поставено една мерна станица.

МОНИТОРИНГ НА ПРАШИНА

Параметар	Фрекфенција на мониторинг	Метод на земање на примероци	Метод на анализа/техника
Суспендирани цврсти честички во воздухот со големина до 10 (PM10)	На 1 година	МКС EN 12341:2014	Се користи техника согласно упатството на употребениот апарат

МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ

Параметар	Фрекфенција на мониторинг	Метод на земање на примероци	Метод на анализа/техника
Излезен канал од теложник	На 1 година	/	Се користи техника согласно упатството на употребениот апарат

МОНИТОРИНГ НА БУЧАВА

Параметар	Фрекфенција намониторинг	Метод на земање на примероци	Метод на анализа/техника
Бучава	Еднаш годишно	За испитување на нивото на бучава не се врши мострирање	Се користи техника согласно упатството на употребениот апарат

МОНИТОРИНГ НА ВИБРАЦИИ

Параметар	Фрекфенција намониторинг	Метод на земање на примероци	Метод на анализа/техника
/	/	/	Се користи техника согласно упатството на употребениот апарат

МОНИТОРИНГ НА МЕРЕЊЕ НА ЕМИСИЈА НА ЗАГАДУВАЧКИ МАТЕРИИ ВО ВОЗДУХ

Параметар	Фрекфенција намониторинг	Метод на земање на примероци	Метод на анализа/техника
Агрегат на нафта	На 1 година	За испитување на емисиите не се врши мострирање	Се користи техника согласно упатството на употребениот апарат

ЛОКАЦИЈА НА МОНИТОРИНГ НА ОБЈЕКТОТ

- Бучава и Прашина



- Агрегат


R2234
Nelina Caffe
R2234
R2234
R2234
R403
BAU ENN BETON
MM1
403
R403

XII. ОПЕРАТИВЕН ПЛАН

Операторите кои поднесуваат барање за интегрирана еколошка дозвола приложуваат предлог-програма за подобрување на работата на инсталацијата и заштитата на животната средина.

ОДГОВОР

ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

Бетонската база на Друштво за производство, градежништво трговија и услуги БАУ-ЕНН ДОО експорт-импорт с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце, поднесува барање за Б-ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА до локалната самоуправа – општина Теарце и според содржината на формуларот на барањето треба да достави и програма за подобрување на еколошките перформанси на инсталацијата и приближување кон перформансите на најдобрите достапни техники во врска со емисиите во воздух, вода и почва.
Бетонската база на Друштво за производство, градежништво трговија и услуги БАУ-ЕНН ДОО експорт-импорт с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце која се наоѓа на локација КО Пршовце – општина Теарце ги редуцира и во иднина ќе ги редуцира сите емисии во воздух, вода и почва и со тоа допринесува за зачувување и унапредување на животната средина. Во развојниот план на фирмата се планира воведување на концепт за почисто производство каде што пристапот на решавањето на проблемите е поинаков и ќе се делува на изворот на загадување со примена на нови техники, минимизација и употреба на отпадот. Сите активности по фази се планирани да не предизвикуваат зголемени влијанија врз животната средина, зголемени трошоци на суровини и енергија.

БУЧАВА И ВИБРАЦИИ

Опис на мерката: Следење/почитување на релевантната регулатива која се однесува на управување со градежните работи.
Цел на мерката: Намалување на нивото на емисија на бучава и почитување на стандардите за ниво на амбиенталната бучава
Период: фаза на отворање, фаза на експлоатација и фаза на затворање

Опис на мерката: Планирање на постапки и работно време за да се редуцира времето на користење на опремата која создава штетна бучава.
Цел на мерката: Намалување на нивото на емисија на бучава и почитување на стандардите за ниво на амбиенталната бучава
Период: фаза на отворање, фаза на експлоатација и фаза на затворање.

КВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХ

Опис на мерката: Распрскување со вода на површините каде има активни земјени работи, дробење, класирање и насипан материјал со цел да се редуцира емисијата на прашина.
Цел на мерката: Почитување на стандардите за квалитет на амбиенталниот воздух.
Период: фаза на отворање, фаза на експлоатација и фаза на затворање

Опис на мерката: Престанок со работа ако се регистрира интензивна фугитивна емисија на прашина, или намалување на обемот на работите со цел да се утврди причината за емисијата и да се превземат мерки за нејзино елиминирање.
Цел на мерката: Почитување на стандардите за квалитет на амбиенталниот воздух
Период: фаза на отворање, фаза на експлоатација и фаза на затворање

Опис на мерката: Редуцирање на сообраќајот и ограничување на брзината на возилата.
Цел на мерката: Почитување на стандардите за квалитет на амбиенталниот воздух
Период: фаза на отворање, фаза на експлоатација и фаза на затворање

КВАЛИТЕТ НА ВОДИ

Опис на мерката: По потреба, инсталирање на контролни мерки за ерозија и седиментација, преку воспоставување на времени дренажи за дивертирање на потенцијално заматените површински води.
Цел на мерката: Почитување на стандардите за квалитет на амбиенталните води
Период: фаза на отворање, фаза на експлоатација и фаза на затворање

Опис на мерката: Обезбедување на опрема/садови за евакуација на истекувањата.
Цел на мерката: Редукција на загадувањето на водите
Период: фаза на отворање, фаза на експлоатација и фаза на затворање

УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Опис на мерката: Отпадните материјали да се селектираат и депонираат во контејнери за посебен вид на отпад и да се предаваат на правните лица кои поседуваат дозвола за управување со отпад.
Цел на мерката: спречување на емисии на штетни материи во воздухот, водата и почвата од опасен отпад
Период: фаза на отворање, фаза на експлоатација и фаза на затворање

КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Опис на мерката: Во случај ако при реализација на работите се утврди постоење на артефакти или се појават индиции дека на локацијата се наоѓа потенцијално археолошко добро, работите ќе бидат запрени и навремено ќе биде известена Управата за културно наследство при Министерството за култура. Притоа, конкретните локалности ќе бидат обезбедени и времено оградени за да се избегнат евентуални негативни импликации за нивната безбедност и состојба.
Цел на мерката: Идентификување/ заштита на археолошкото/ културното добро
Период: фаза на отворање, фаза на експлоатација и фаза на затворање

БИОЛОШКА РАЗНОВИДНОСТ

Опис на мерката: Користење на постојните пристапни патишта и минимизирање на изградбата на нови пристапни патишта.
Цел на мерката: Заштита на природата
Период: фаза на отворање, фаза на експлоатација и фаза на затворање

Опис на мерката: Забрана и спречување на секакви активности кои го попречуваат спонтаниот развој на автохтоната флора и фауна, особено собирање на лековити растенија, печурки и плодови, собирање на полжави, ловење на дивеч, птици итн.,
Цел на мерката: Заштита на природата
Период: фаза на отворање, фаза на експлоатација и фаза на затворање

Опис на мерката: Почитување на законската регулатива за забрана за палење оган, поради потенцијална опасност од пожари и, следствено, предизвикување на неповратни штети врз еколошките ресурси и компонентите на биолошката разновидност
Цел на мерката: Заштита на природата
Период: фаза на отворање, фаза на експлоатација и фаза на затворање

Опис на мерката: Почитување на законската регулатива за забрана за отстранување на отпад во водотеците и во животната средина (комунален отпад, растителен и друг отпад од отстранување на вегетација за потребите на активностите, испуштање на горива/ масла/ итн.)
Цел на мерката: Заштита на природата
Период: фаза на отворање, фаза на експлоатација и фаза на затворање

XIII. СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ

Опиши ги постоечките или предложените мерки, вклучувајќи ги процедурите за итни случаи, со цел намалување на влијанието врз животната средина од емисиите настанати при несреќи или истекување.

Исто така наведете ги превземените мерки за одговор во итни случаи надвор од нормалното работно време, т.е. ноќно време, викенди и празници.

Опишете ги постапките во случај на услови различни од вообичаените вклучувајќи пуштање на опремата во работа, истекувања, дефекти или краткотрајни прекини.

ОДГОВОР

Пред се раководителот на Бетонската База ќе биде одговорен за правилното работење и функционирање на истата. Постојано ќе се врши надгледување на работата на опремата за да се забележат и најмали недостатоци кои би можеле да доведат до хаварија. Исто така ќе се врши и навремено сервирање на опремата пропишано од производителот.

Во случај на хаварија или поголем дефект на инсталацијата, раководителот веднаш го запира понатамошнотот производство и наредува отстранување на предизвиканата штета. Во случај на евентуални мали хаварии на возилата кои поминуваат низа базата и истекување на масла или гориво од истите, исто така веднаш се реагира како истите отпадни деривати не би дошле во отпадната вода. Се врши собирање и бришење со крпи, а потоа крпите се стават во посебни затворени канти кои не смеат да се транспортираат и мешаат со другиот комунален отпад. Откако добро ќе се собере и исчисти истеченото гориво или масло, после тоа се врши миење на местото со вода.

Во објектот постојано ќе дежура чувар бидејќи базата ќе работи само дење и по потреба, не постојат шанси за хаварии ноќно време.

Природата на процесите кои се одвиваат на оваа инсталација е таква да нема опасност од големо влијание врз животната средина при евентуална хаварија или итен случај.

Упатство за подготвеност при вонредни состојби

Содржина

1. Намена и цел
2. Подрачје на примена
3. Поими и дефеници
4. Опис на текот на активностите
5. Референтни документи
6. Записи
7. Прилози

Намената и целта на упатството за подготвеност при вонредни состојби е одредување на можни вонредни состојби, планирање на активностите за одзив и спречување и ублажување на можните влијаниа врз безбедноста и квалитетот на производот и врз жиотната средина.

Се применува во сите работни делови во Бетонската база.

Поим и дефиници – Подготвеност за реагирање/одзив при вонредни состојби – креирање на одговор, при ситуации за кои постои мала веројатност дека ќе се случат.
Хаварија – во однос на спречување и контрола на хаварии, е појава на голема емисија, пожар или експлозија настаната како резултат на неконтролирани настани во теко на работењето на било кој систем, со учество на една или повеќе опасни супстанци, а што доведува до сериозна опасност за животот и здравјето на човекот и за животната средина.
Инцидент – непланирано случување кое може да доведе до помали незгоди.
Хаварија – непланирано случување кое може да биде причина за смрт, тешки повреди, професионални заболувања, оштетувања, штета или друг вид на загуба.
Опасност – извор или ситуација со можности на предизвикување на штета во областа на повреда на работно место, професионални заболувања, штета за имотот, штета на работната средина или комбинација на истите.
Идентификација на опасностите – постапка за утврдување на постоењето на опасност и одредување на нејзините својства.

Опис на текот на активностите

Идентификација на потенцијални инциденти и вонредни ситуации
Се идентификуваат потенцијалните инциденти и вонредни ситуации и тоа:
- инциденти при вообичаени работни активност
- инциденти при одржување на опремата и објектите
- индустриски хаварии
- елементарни непогоди (поплава, земјетрес и сл.)

АКТИВНОСТ	НАДЛЕЖНОСТ
Идентификација на потенцијалните инциденти и вонредни ситуации	Тим
Изработка на список на потенцијалните инциденти и вонредни ситуации	Координатор за животна средина
Изработка на план за реагирање при инцидентите и вонредните ситуации	Координатор за животна средина (Управител)
Одобрение на планот	Управител
Запознавање на вработените со потенцијалните инциденти и вонредните ситуации и планот за реагирање при инцидентите и вонредните ситуации	

Референтни закони
- Закон за животна средина и други сродни закони кои ја покриваат ова проблематика.

Записи

Во записи се внесени документите кои се објевен доказ за спроведената активност или постигнати резултати.

Ред. Бр.	Име на записот	Место на чување	Време на чување	Одговорно лице
1.	Список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации	Архива	5 год.	Координатор за животна средина (Раководител на производство)
2.	План за реагирање при инциденти и вонредни ситуации	Архива	5 год.	Координатор за животна средина (Раководител на производство)

Прилози

- Список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации
- План за реагирање при инциденти и вонредни ситуации

Список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации

Елементи на процесот	Опис	Што се работело
Инциденти		
Пожар	Пожар на објектите, инсталациите, возниот парк	- Неизправност на електричната инсталација. - Неисправност на трансформаторската станица. - Неисправност на громобранската инсталација. - Ел. Инсталација на машините и возниот парк
Експлозија	Пожар и механичко уништување на објектите, инсталациите, возниот парк	- Користење пламен и алат што искри во магацинот за стопаснски експлозив. - Непридржување кон постапките за складирање, ракување и транспорт на експлозивни средства - Заостанати неексплодирани мини во минираната површина - Неиспавна вентилација и услови на чување на стопански експлозив - Неисправен сигурносен вентил на компресорот за воздух
Вонредни ситуации		
Земјотрес		
Поплва		
Саботажа		

План за реагирање при инциденти и вонредни ситуации

Вид на инцидент/вонредна ситуација	**Можни влијанија на животната средина**	**Мерки**
Пожар на објектите, инсталациите, возниот парк	Загадување на воздухот, почвата и водите	- Исклучување на доводот на електрична енергија - Итен повик на службата за ПП заштита, итна помош, - Исклучување на инсталацијата за довод на електрична струја - Изолирање и дислокација на запаливите материи складирани во магацинот за стопански експлозив и механичарска работилница (платнени врекѓи, боци, масла, амбалажа и сл.) - Обука за користење на ПП апаратите и хидрантите - Контрола на превентивното одржување од страна на овластен субјект - Примена на правилникот за заштита при работа и нормативот за користење на лични заштитни средства - Контрола на исправност на хидрантите.
Експлозија од технолошкиот процес	Опасност по живот на вработените и загадување на атмосферата	- Редовна контрола и придржување кон постапките за складирање, ракување и транспорт на експлозивни средства - Контрола на ПП апаратите и хидрантите - Контрола на превентивното одржување од страна на овластен субјект - Итен повик на службата за прва помош - Исклучување на системот за довод на електрична енергија - Едукација на вработените – Примена на Правилникот за заштита при работа и Нормативот за користење на лични заштитни средства.
Земјотрес	Загадување на воздухот, почвите и водите	- Запирање на процесот на производство и довод на електрична енергија. - Итен повик на службите за ПП-заштита и прва помош. - Редовно превентивно

		одржување на опремата и инсталациите. - Санација на оштетувањата од било кој вид во соработка со соодветни стручни екипи. - Испитување и соодветни мерења пред пуштање во повторна работа на технолошката линија, анализа на почвата зафатена од елементарна непогода). - Контрола на ПП апаратите на извршени редовни превентивни прегледи и обука за нивно користење. - Примена на Правилникот за заштита при работа и Нормативот за користење на лични заштитни средства.
Поплава	Загадување на почвата и водите	- Контрола на системот за одвод н атмосферска вода. - Контрола на шахтите и нивно превентивно одржување во исправна состојба. - Редовно пратење на хидрометеоролошката прогноза и дефинирање на начинот на прифаќање на атмосферските врнежи. - Постојан контакт во вакви состојби со ПП службата и ЈКП. - Активно учество при санација на последиците од поплавата во соработка со соодветни стручни институции. - Анализа на загадувањето на медиумите на животната средина. Во случај на неусогласености, се превземаат мерки за одстранување. - Анализа на почвата на местата на деградација и превземање на соодветни корективни мерки од страна на соодветни стручни институции. - Примена на Правилникот за заштита при работа и Нормативот за користење на лични заштитни средства.

Одговорни лица	Име и Презиме	Тел. контакт
Раководител на производство		
Управител	Нијази Таипи	071/766-942

Поважни телефони	Број
Противпожарна бригада	193
Полиција	192
Брза помош	194

Бетонската база БАУ-ЕНН ДОО с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце, која се наоѓа на Локација КО Пршовце – општина Теарце,
Координатор за животна средина.

XIV. РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ

Опишете ги постоечките или предложените мерки за намалување на влијанието врз животната средина по делумен или целосен престанок на активноста, вклучувајќи отстранување на сите штетни супстанции.

ОДГОВОР

Објектот е постојан и е направен со цел во иднина да ја изведува својата функција за која е наменет. Но ако дојде до било какво запирање на активноста, делумен или целосен престанок, ќе се превземат сите неопходни мерки за отстранување на штетните материјали.

Ако се работи за делумен престанок на активностите, прво ќе се изврши комлетно чистење на објектот и околината. Комуналниот отпад ќе се однеси на депонија. Опремата ќе се конзервира според вообичаените постапки од производителот, и ќе се исклучи доводот на вода и електрична енергја. Сите тешки возила ќе се отстранат од кругот на базата.

Пред почнување со работа, ќе се провери опремата и околината околу неа дали некаде има истечено масло при конзервирањето, и истото да се отстрани со бришење и чистење со крпи, како што е претходно објаснето и ќе се продолжи со вообичаените постапки без да има влијание врз животната средина.

При целосен престанок со работата, ќе се изврши комплетно чистење на објектот и теренот. Празнењето на платото од готовиот производ и носење на друго соодветно место или во бетонската база која се наоѓа во непосредна близина на сепарацијата а е сопственост на иста фирма. Исто ќе се изврши отстранување на комуналниот отпад и чистење на локацијата.

Локацијата ќе биде санирана и оставена ве безбедна состојба. Од битно значење е рекултивацијата да се врши со автохтони растенија. Што се однесува до каменоломот кој се наоѓа на локација наменета за експлоатација на минерални суровини секогаш ќе биде атрактивен за дополнување и проширување на линијата на производство. Сепак, за екстремен случај на затварање на локацијата, предложени се мерки со цел да се минимазираат краткорочните и долгорочните ефекти на активноста врз животната средина по престанок на активноста на локацијата. Предложени мерки за минимизирање на влијанието на животната средина во случај на целосен или делумен престанок со работата на дел на активноста на Бетонската база на БАУ-ЕНН ДОО с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце, локација КО. Пршовце – општина Теарце.

Доколку се утврди контаминација на површината ќе се превземат соодветни мерки во согласност со Законот за заштита од јонизирачко зрачење, Законот за управување со отпад и Законот за заштита на животната средина. Доколку опремата и машинеријата се сеуште функционални ќе бидат преместени на соодветна локација за таа немена. Доколку се надвор од функција, во зависност од материјалот од кој се изработени ќе бидат селектирани и продадени како секундарна суровина.

XV. РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ

На ова место треба да се вметне преглед на целокупното барање без техничките детали. Прегледот треба да ги идентификува сите позначајни влијанија врз животната средина поврзани со изведувањето на активноста/ активностите, да ги опише постоечките или предложени мерки за намалување на влијанијата. Овој опис исто така треба да ги посочи и нормалните оперативни часови и денови во неделата на посочената активност.

ОДГОВОР

Бетонската база БАУ-ЕНН ДОО с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце, локација КО. Пршовце – општина Теарце, Локација КО Пршовце – општина Теарце, е комплекс каде ќе се врши производство на готова бетонска маса која може да се користи во градежни цели и може да се користи како материјал за изработка на бетонски елементи како столбови за огради, камени подови и друга бетонска галантерија со калапи.

За процесот на производство петребно е одредено количество на камен кои по третманот на сепарацијата се чува во надворешната околина и е подложено на атмосферски влијанија но со оглед дека се работи за камена маса овие влијанија немаат големо значење врз готовиот производ гранулатот по третманот во сепарацијата е измиен и има мали концентрации на лес и прашина. За спречување на подигнување на прашина, која ја создаваат моторните возила при истовар на материјалите и при движење низ кругот се придвидува целосно бетонирање на патиштата за манипулација.

Извесно аеро загадување има од издувните гасови на возилата кои доаѓаат во текот на производството. Затоа ќе се користат еколошки деривати како што и налага новата законска регулатива и за тешките воизила кои ќе доаѓаат и работат во инсталацијата. Бидејќи во процесот на производство се јавува и номиновна бучава и вибрации од опремата и возилата за истата сметаме дека не ја надминува пропишаната дозволена граница, а за точни податоци ако е потребно ќе се извршат контролни мерења и соодветно на тоа ќе се превземат и мерки за намалување на истата доколку постои зголемено ниво.

Појава на тврд комунален се регулира со депонирње на истиот во посебни контејнери за него и потоа неговото транспортирање на градска депонија. Исто така количеството на тврдиот отпад не ја преминува границата која би предизвикала загадување на околината. Во кругот на инсталацијата не се врши никакво сервисирање на тешките возила, ниту се чуваат резервни делови (акумулатори, масла и сл.) и гориво за истите. За сервисирање на истите постои договор со овластена фирма.

Објектот се состои од подвижна бетонска база, плац за складирање на суровини, плато за гранулати, два силоси за цемент со капацитет од 80 т, објекти за складирање на помошни материјали, покриена работилница со паркинг, компресорска станица, трафостаница, паркинг за механизација и возниот парк и помошни простории. Во составот на инсталацијата се наоѓа механичарска работилница како и магацински простор за резервни делови за одржување на опремата.

Суровините за производство на бетон се состојат од:

- Фракција на гранулати од 0-4 мм;
- Фракција на гранулати од 4-8 мм;

- Фракција на гранулати од 8-16 мм;
- Фракција на гранулати од 16-32 мм;
- портланд цемент;
- вода;
- адитиви за бетон.

Преку друмски транспорт од страна на добавувачи се довезуваат суровините на самата локација. Дозирањето на компонентите за производство на бетон, како што се песок, цемент и вода се врши според зададена рецептура на овластени институции според меѓународните стандарди и прописи. Дозираната смеса добро се измешува во бетономешалката, а потоа се пресипува во миксер транспортно возило, кој директно го носи готовиот бетон на објект. При самото вградување на свежиот бетон по потреба се додаваат адитиви за бетон. По завршувањето на сите операции опремата за производство транспорт и вградување на бетон се пере на самата локација. Треба да се напомене дека рецептурите се зададдени за сув камен агрегат. Доколку врмето е влажно, потребно е да се врши редукција на водата, а да се зголеми учеството на фракциите за оптимална влажност на фракциите и тоа за прва фракција до 5%, а за другите мах 1%. Исто така е неопходно за повисоките МБ да се користи пластификатор.

Бетонската база на БАУ-ЕНН ДОО с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце, локација КО. Пршовце – општина Теарце, Локација КО Пршовце – општина Теарце работи континуирано во една смена (6 работни дена неделно) со вкупно 6 вработени лица. Во текот на годината можни се одстапувања на оваа динамика во зависност од потребите на пазарот и цената на берзата на готовите производи. Во Бетонската база на БАУ-ЕНН ДОО с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце, локација КО. Пршовце – општина Теарце, Локација КО Пршовце – општина Теарце, се вработени 6 лица од кои еден оператор на бетонска база, одговорен за одржување на механизацијата, возачи и управител. Административните и книговодствените работи ги извршуваат извршители по договор. Управителот раководи со целокупните активности во компанијата и воедно е координатор за животна средина и одговорен за прашањата на барањето за Интегрирано спречување и контрола на згадувањето на Бетонската база на БАУ-ЕНН ДОО с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце. Управителот Нијази Таипи е одговорен за интегрираното спречување и контрола на загадувањето. Целосната осговорност за работата и спречувањето на мерките за намалување на емисиите е на управителот. Оваа одговорност е делегирана на персоналот одговорен за производство, одржување и развој. Операторите се обучини за работа со опремата која им е доверена. Дадени им се инструкции за секоја забележана неправилност при вообичаени или невообичаени услови на работа за го известат раководителот или директно луѓето од одржување. Службата за одржување е директно одговорна за правилно спроведување на мерките за намалување на емисиите. Сите вработени се запознаени со постапката за спречување или намалување на последиците од непредвидени ситуации и се обучени за тоа. Менаџерот за животна средина е одговорен за мониторингот на спроведување на мерките за намалување на емисиите за да се овозможи коректна и оптимална работа. Во процесот на производство на бетон со користат неметални минерални суровини кои се добиваат преку ископување и оретходно примарно дробење, портланд цемент и адитиви за поедини марки на бетон. Фракциите кои се користат се со димензии на зрна од 0-4 мм, 4-8 мм, 8-6 мм и 16-32 мм. Доставувањето на суровините

е преку добавувачи и од сопствен каменолом. Целокупното производство на бетон се однесува на марката МБ 250, 300. Употребата на сдитиви се изведува на самото место на вградување на бетонот.
Бетонската база на БАУ-ЕНН ДОО с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце, локација КО. Пршовце – општина Теарце, се создава отпаден талог од перење на опремата, возниот парк и платото на бетонската база од остатоци од бетон. Целокупниот создаден отпаден талог од таложењето повторно се враќа во производството.
Создадениот отпад од талог се празни на секои два месеца од приватни преземачи кои го користат како тампон при градежни работи.
Комунален отпад (амбалажа) не се создава.
- Постапувањето со отпадот се изведува со внимание со цел да се избегне: Загадување на животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- загадување на водите, воздухот и почвата над пропишаните граници;
- уништување на природните услови за живот на животните и растенијата;
- наградување и неуредување на објектите и просторот во урбаните зони и подрачја надвор од урбани зони.
Собирањето и транспортирањето на отпадот се врши со средства и опрема која е наменета исклучиво за собирање и за транспортирање на отпадот. Друг вид на цврст отпад со сопствени возила се изнесува од локацијата или од страна на преземачи на отпадот со кои е склучен договор за преземање. Во Бетонската база на БАУ-ЕНН ДОО с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце, локација КО. Пршовце – општина Теарце,емисии во атмосферата се јавуваат од ракување со материјалите и сообраќајот на самата локација. Главни штетни материи кои се застапени во емисиите на гасови претставуваат цврсти честички од процесот на производство на бетон, складирање на материјалите и сообраќајот на локацијата. Од Бетонската база на БАУ-ЕНН ДОО с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце, локација КО. Пршовце – општина Теарце, нема точкасти извори на емисии во атмосферата. Природата на активностите на производството на бетон се изведува на отворено и се причина за создавање само на фугитивна прашина.
Појава на фугитивна емисија на прашина се јавува и на следните места:
- Складирање на гранулати и цемент за производство на бетон;
- На отворен простор од платото и внатрешните сообраќајници;
- На пресипни места при процесот на производство;
- При ракување со гранулатите и цементот при производниот процес;
- Влез и излез на камиони при дотур на материјали и суровини.
Емисиите на фугативната прашина од операциите на ракување со варовникот се определени преку фактори на емисии од одделни операции на преработка на варовникот.
Производството на бетон во основа е процес во кој не се создава отпадна вода. Отпадната вода се создава од дождовни води од локацијата и водите од перење на опремата и возниот парк која содржи остатоци од свеж бетон. Од локацијата на Бетонската база на БАУ-ЕНН ДОО с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце, локација КО. Пршовце – општина Теарце, нема испуштање на отпадна вода во површински води. Со оглед на нивото на бучава на локацијата, предизвикано од работењето на постројките, движење на транспортните уреди и транспортните возила и од сите други активности во погонот како утовар-истовар, укажува дека на границата

на локацијата со другите објекти нивото на бучава не ги надминува дозволените граници. На локацијата нема вибрации и јонизирачки зрачење кои би влијаеле на животната средина. Определувањето на програмата за мониторинг ги вклучува следните параметри:
- Точките и параметрите на мониторинг
- Фрекфенција на мониторинг
- Методи на земање на примероци и анализи
- Систем за известување.

Предложен е мониторинг на емисија на респирабилна прашина и бучава од активностите и возниот парк на постројките за производство на бетон. Мониторингот се предлага да се изведува еднаш годишно на местата опишани погоре во барањето за мониторинг на ПМ 10, бучава, вибрации како и вода.

Инсталацијата ќе работи неконтинуирано по потреба а со оглед на лошите зимски климатски услови во регионот со остри зими и многу ниски температури инсталацијата во зима и воопшто нема да работи. Објектите и опремата на оваа инсталација се од времен карактер и истите по престанок на работа на инсталацијата се демонтираат и пренесуваат на друга локација. Отстранувањето на отпадот или било какви хемикали на локацијата на инсталацијата ќе бидат отстранети или рециклирани преки соодветнои овластени фирми, а локацијата ќе се санира и ќе биде оставена во безбедна состојба, а рекултивацијата ќе се изврши со автохтони растенија.

Заклучок

Од инсталацијата нема загадување од отпад од земјоделски активности или за земјоделски намени.

Од инсталацијата нема нејонизирачко зрачење.

Бетонската база на БАУ-ЕНН ДОО с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце, локација КО. Пршовце – општина Теарце, поднесува барање за Б интегрирана дозвола до Локалната самоуправа – Теарце и според содржината на формуларот на барањето треба да достави програма за подобрување на еколошките перформанси на инсталацијата и приблишување кон перформансите на најдобрите достапни техники во врска со емисиите во воздух, вода и бучава.

Изработено е упатство за подготвеност при вонредни состојби, список на потенцијални инциденти и вонредни состојби како и план за реагирање при инцидентните ситуации.

Изработени се проекти и упатства во кои се опфатени сите чинители кои влијаат на животната средина и работната средина, а кои се јавуваат како последица од активностите на преработка на неметалните суровини во погонот, како и анализа на опасностите и конкретните мерки и средства кои се предвидени за целосно извршување на заштитата на вработените во погоните на Бетонската база на БАУ-ЕНН ДОО с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце, локација КО. Пршовце – општина Теарце.

Вработените се запознаени со потенцијалните инцидентни и вонредни ситуации и со планот за реагирање при инцидентните ситуации. Како превентивна мерка е опфатено поставувањето на лесно воочливи пригодни табли или други знаци за забрани и предупредувања, со натписи ил ицртежи кои информираат за опасностите и забранетите постапки. Со оглед дека бетоњерата се наоѓа на локација наменета за индустриски активности секогаш ќе биде атрактивен за надополнување и проширување

на линијата на производство.
Сепак за екстремен случај на затварање на локацијата предложени се мерки со цел да се минимизираат краткорочните и долгорочните ефекти на активноста врз животната средина по престанок на активноста на локацијата.
Предложените мерки за минимизирање на влијанието на животната средина во случај на целосен или делумен престанок со таботата на дел на активноста на Бетонската база на БАУ-ЕНН ДОО с.Теарце-Теарце – Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце, локација КО. Пршовце – општина Теарце, се дадени во планот за управување со резидуи.

XVI. ИЗЈАВА

Со оваа изјава поднесувам барање за дозвола/ревидирана дозвола, во согласност со одредбите на Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16) и регулативите направени за таа цел.

Потврдувам дека информациите дадени во ова барање се вистинити, точни и комплетни.

Немам никаква забелешка на одредбите од Министерството за животна средина и просторно планирање или на локалните власти за копирање на барањето или на негови делови за потребите на друго лице.

Потпишано од :_____Датум **:**_____
(во името на организацијата)

Име и презиме на потписникот : _____

Позиција во организацијата :_____

Печат на компанијата:

XVII. ПРИЛОЗИ

1. Тековна состојба од Централен Регистар;
2. Имотен лист;
3. Решение за утврдување на правен статус на бесправен објект
4. Урбанистичка согласност за бесправен објект;
5. Извод од катастарски план;
6. Фактури за потрошена електрична енергија;
7. Фактури за потрошена вода;
8. Договори за отпад;
9. Фотографии од објект.

Број: 0805-50/150220240000933

Датум и време: 19.2.2024 г. 11:12

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	5826063
Целосен назив:	Друштво за производство,градежништво трговија и услуги БАУ-ЕНН ДООО експорт-импорт с.Теарце-Теарце
Кратко име:	БАУ-ЕНН ДОО експорт-импорт с.Теарце-Теарце
Седиште:	101 бр.1-А/ ТЕАРЦЕ, ТЕАРЦЕ
Вид на субјект на упис:	ДОО
Датум на основање:	12.12.2003 г.
Деловен статус:	Активен
*Вид на сопственост:	Приватна
ЕДБ:	4028003136430
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.3 - друштво со ограничена одговорност
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	9.168.700,00
Непаричен влог MKD:	171.200,00
Уплатен дел MKD:	9.339.900,00
Вкупно основна главнина MKD:	9.339.900,00

СОПСТВЕНИЦИ	
ЕМБГ/ЕМБС:	2009953470041
Име и презиме/Назив:	НИЈАЗИ ТАИПИ
Адреса:	С.ТЕАРЦЕ, ТЕАРЦЕ
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	9.168.700,00

Непаричен влог MKD:	85.600,00
Уплатен дел MKD:	9.254.300,00
Вкупен влог MKD:	9.254.300,00
Вид на одговорност:	Не одговара

ЕМБГ/ЕМБС:	2410973470028
Име и презиме/Назив:	ЕВЗАЉ ТАИПИ
Адреса:	С.ТЕАРЦЕ, ТЕРЦЕ
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	85.600,00
Уплатен дел MKD:	85.600,00
Вкупен влог MKD:	85.600,00
Вид на одговорност:	Не одговара

ДЕЈНОСТИ

Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	08.12 - Вадење на чакал и песок; глина и каолин
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	
Други дејности	Регистрирани дејности во надворешно-трговскиот промет

ОВЛАСТУВАЊА

Овластени лица

ЕМБГ:	2009953470041
Име и презиме:	НИЈАЗИ ТАИПИ
Адреса:	С.ТЕАРЦЕ, ТЕАРЦЕ
Овластувања:	Управител без ограничување во внатрешниот и надворешниот трговски промет
Овластено лице:	Овластено лице

ПОДРУЖНИЦИ

Подброј:	5826063/1
Назив:	Друштво за производство,градежништво,трговија и услуги ЕНИ БАУ ДОО експорт-импорт с.Теарце- Подружница ЕНИ БАУ ДОО Теарце

Број: 0805-50/150220240000933

Тип:	Подружница
Адреса:	101 бр.1-А ТЕАРЦЕ, ТЕАРЦЕ
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	23.63 - Производство на готова бетонска смеса

ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА НА ПОДРУЖНИЦАТА

ЕМБГ:	2009953470041
Име и презиме:	НИЈАЗИ ТАИПИ
Адреса:	101 ББ ТЕАРЦЕ, ТЕАРЦЕ
Овластувања:	Раководител на подружница

ЕМБГ:	2009978470062
Име и презиме:	НАЗИМ ТАИПИ
Адреса:	ОТУШЕЧКА ББ ТЕАРЦЕ, ТЕАРЦЕ
Овластувања:	Раководител на подружница

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

КОНТАКТ	
E-mail	bau-enn.08@hotmail.com

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственост се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.


Изготвил:

